Друштво за изградба,управување и издавање
на повеќенаменска сала
БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ
Бр. 01 - 57/1
27.01 2022 год.
СКОПЈЕ

Согласно член 36 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на Р.С.М. бр.101/2019) Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје,

- бул. 8 - ми Септември број 13,
- Роберта Теова, моб.бр. 071342949
- e-mail:
    - info@scboristrajkovski.gov.mk
    - roberta.teova@scboritrajkovski.gov.mk

**(името на имателот на информацијата, адреса, телефон, факс, e-mail)**

Роберта Теова

**(името на службеното лице)**

го подготви следниот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**
**(од 1.01.2021 до 31.12.2021)**

1. Податоци за службените лица определени за посредување со информации кај имателите на информации:

Роберта Теова, вработена во Друштвото на работно место: раководител на сектор за општи и правни работи, моб. тел.: 071 342 949, интернет адреса www.scboristrajkkovski.gov.mk, e-mail: roberta.teova@scboritrajkovski.gov.mk.

2. Број на примени барања: 2 (две)

3. Број на позитивно одговорени барања: 1 (едно)

4. Број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините за секое одбиено или отфрлено барање: 1 (едно)

Врз основа на барањето за пристап до информации од јавен карактер од Адвокат Стевица Јосифовски (заведено под наш арх. бр. 03-661/1 од 10.09.2021 година) доставивме одговор со укажување за причините за одбиеното / отфрленото барање (заведено под наш арх. бр. 03-661/2 од 20.10.2021 година).

Имено, нашето Друштво не ја дава на користење билетарата во објектот ниту пак има увид колку карти корисниците на објектот имаат продадено и по која цена истото го прават.

Согласно склучените Договори за користење на содржините кои се наоѓаат во комплексот на Спортскиот Центар БОРИС ТРАЈКОВСКИ во Скопје за оддржување на настани од културно забавен карактер (музичка манифестација-концерти) со

- Друштвото за маркетинг и услуги САМООРГАНИЗАЦИЈА БУКИНГ ДООЕЛ Скопје,
- Друштвото за маркетинг и услуги САМООРГАНИЗАЦИЈА ДООЕЛ Скопје,
- Друштвото за маркетинг и услуги ТАЛЕНТ БОКС-АВАЛОН ДООЕЛ Скопје и
- Други правни лица под логото на АВАЛОН ПРОДУКЦИЈА

за периодот од 01.01.2014 година до 01.06.2021 година нашето Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје нема увид во бараните информации, и тоа:

- кои се спонзорите, со точно наведени локации на банерите каде би се рекламирале истите за секој договор одделно,
- називи на правните лица кои вршеле продажба на пијалоци и храна за секој договор одделно и

- доставени барања/одобрувања на рекламниот материјал.

Иако во секој поединечен договор во делот „Обврски на Друштвото корисник на содржините„ утврдено е дека „доколку за оддржување на настанот од културно забавен карактер кој е предмет на Договорот Друштвото има спонзори 5 (пет) до 10 (десет) дена пред оддржувањето на настанот од културно забавен карактер се обврзува да достави писмено известување кои се спонзорите со барање со точно наведени локации на банерите каде би се рекламирале истите.„ правните лица кои организирале настан под логото на АВАЛОН ПРОДУКЦИЈА такво барање немаат доставено за ниту еден организиран концерт.

5. Број на неодговорени барања : нема

6. Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија на имателите на информации, со опис на одлуката, како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација): нема

7. Број на усвоени жалби со одлука на Агенцијата: нема

8. Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата: нема

9. Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање : /

10. Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлање: /

НАПОМЕНА: Таксативно набележаните обврски од член 36 значат и Ваша обврска на истите да одговорите прецизно, со податоци, коментари и карактеристики што произлегуваат од Вашата работа.

Скопје, 27.01.2022
(Место и датум)

БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје
(Имател на информации-печат)
Роберта Теова

(службено лице – потпис)